**УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА**

**Упатството за употреба содржи:**

1.Што претставува **Beviplex® B/Бевиплекс® Б** и за што се употребува
2.Што мора да знаете, пред да го земете/ употребите лекот **Beviplex® B/Бевиплекс® Б**
3.Како да го земате/ употребувате **Beviplex® B/Бевиплекс® Б**
4.Можни несакани дејства(реакции)
5.Чување и рок на употреба на **Beviplex® B/Бевиплекс® Б**
6.Дополнителни податоци за граничниот производ

# BEVIPLEX® B / БЕВИПЛЕКС® Б complex

Филм-обложена таблета
Дополнителен извор на комплекс Б витамини

## 1.Што претставува Beviplex® B/Бевиплекс® Б и за што се употребува

Со употребата на **Beviplex® B/Бевиплекс® Б** филм-обложена таблета може да се задоволат дневните потреби на организмот за витамините од групата Б и да се надомести нивниот недостаток во исхраната. **Beviplex® B/Бевиплекс® Б** филм-обложените таблети содржи комбинација на витамини од групата Б, со фактори на високи биолошки вредности, кои во физиолошка смисла прават функционална целина.Неговата улога се состои во одржувањето на метаболичките, хемиските и физиолошките процеси потребни за нормално функционирање на организмот. Особено поволно делуваат на нервниот систем, а исто така допринесуваат за подобрување на снабденоста на кожата со крв, го спречуваат нејзиното сушење и создаваат услови за стимулирање на регенерацијата и нормалната работа на лојните жлезди.

**Beviplex® B/Бевиплекс® Б** филм-обложените таблети се наменети на:

- деца, за правилен раст и развој
- лица со зголемена потреба за витамини од групата Б ( редукциони диети, диети богати со јаглени хидрати, реконвалесценти, акутни и хронични заболувања),
- лица изложени на тешки физички и умствени напори (спортисти, рекреативци, ученици),
- лица со слаб апетит,
- лица кои конзумираат алкохол ,
- лица кои имаат проблеми со кожата (акни, сува кожа),
- лица после долга употреба на антибиотици,
- повозрасни лица .

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА · AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE · SHKUP · СКОПЈЕ

**2.Што мора да знаете пред да го земете/употребите Beviplex® B/Бевиплекс® Б**
**Немојте да го земате/употребувате Beviplex® B/Бевиплекс® Б:**

**Beviplex® B/Бевиплекс® Б** филм-обложени таблети не смеат да ги користат лица кои се алергични на витамини од Б-групата или било која состојка на производот како и лица на терапија со леводопа.

**Бидете посебно внимателни со Beviplex® B/Бевиплекс® Б**

Производот не е наменет за деца под 12 години.
Болни кои боледуваат од шеќерна болест или се на терапија со трициклични антидепресиви, алфа1-блокатори, **Beviplex® B/Бевиплекс® Б** филм-обложените таблети можат да ги користат само после консултација со својот лекар.

**Бременост и доење**

Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да го земете граничниот производ.
Ако сте бремени,планирате бременост или доите,пред да почнете да го земате граничниот производ,посоветувајте се со својот лекар или фармацевт.

**Влијание врз психофизички способности**

Примената на **Beviplex® B/Бевиплекс® Б** филм-обложените таблети не влијае на способноста за ракување со моторни возила и машини.

**3.Како да го земате/употребувате Beviplex® B/Бевиплекс® Б**

Возрасни и деца над 12 години: Еднаш дневно да се испие по 1 филм-обложена таблета со малку вода.
Препорачаната дневна доза не смее да се надмине.
Граничните производи не може да се користат како замена за разновидна исхрана.

**4.Можни несакани дејства (реакции) на Beviplex® B/Бевиплекс® Б**

Ако примтите било какви несакани дејства, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.

**5.Чување и рок на употреба на Beviplex® B/Бевиплекс® Б**

Да се чува во оригиналното пакување, на суво и темно место, на температура до 25°C.
Да се чува надвор од дофат на деца.

**Рок на употреба**

Не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.

**6.Дополнителни податоци за граничен производ**

**Состав на граничен производ**

| **Состав** | **1 филм обложена таблета** | **%НРВ*** | **100 g производ** |
|---|---|---|---|
| Витамин $Б_1$ | 3,0 mg | 273 | 1,6 g |
| Витамин $Б_2$ | 3,4 mg | 243 | 1,9 g |
| Витамин $Б_6$ | 2,0 mg | 143 | 1,1 g |
| Пантотенска киселина | 5,0 mg | 83 | 2,7 g |
| Витамин $Б_{12}$ | 1,0 µg | 40 | 549,0 µg |
| Ниацин | 25,0 mg | 156 | 13,7 g |

%НРВ* - нутритивна референтна вредност

Состојки: средства за зголемување на волуменот :микрокристална целулоза,; средство против згрутчување: калциум хидрогенфосфат, никотинамид; стабилизатори: поливинилпиролидон;средство за зголемување на волумен : вкрстено врзана натриум карбоксиметилцелулоза; калциум-Д-пантотенат; тиамин мононитрат; рибофлавин; пиридоксин хидрохлорид; стабилизатори: поливинил алкохол, магнезиум стеарат, цијанокобаламин; згуснувач: макрогол; боја: Е 172; средства за глазирање: шелак, талк; боја: Е 171; стабилизатор: полисорбат 80;рицинусово масло.

**Изглед на граничен производ и пакување**
Тркалезни, биконвексни со филм обложени таблети, со кафена боја.
Картонска кутија со упатство и 2 блистери (Al/PVC-PVC/PVdC) со по 15 филм-обложени таблети.

**Носител на одобрение за ставање на граничен производ во промет:**
ГАЛЕНИКА ДООЕЛ Скопје, 1000 Скопје,Р.С. Македонија,
Бул.Кочо Рацин 14

**Производител:**
Галеника а.д. Београд, ул.Батајнички друм б.б., 11 080 Белград, Република Србија

**Број и датум на упис во Регистарот на гранични производи:**